РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (''Сл.весник на РСМ'' бр.32/2020 и бр.111/2023), Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со **Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 01, Општина Гази Баба – Скопје**, државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА

По **Нацрт – Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 01, Општина Гази Баба – Скопје,** кој опфаќа простор од 12,854 ха., со следните граници :
Границите на планскиот опфат се:

- Североисточно - осовина на собирна улица "Перо Наков";
- Југоисточно - осовина на сервисна улица "С3";
- Југозападно - осовина на сервисна улица "С1";
- Северозапад - осовина на собирна улица "Маџари".

Во рамките на Нацрт - Детален урбанистички план Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 01, се предвидени следните класи на намена:

- А2 - домување во згради;
- Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија;
- Г4 - стоваришта, складови и отпади;
- Д1 - парковско и пејсажно зеленило;
- Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило;
- Д3 - спорт и рекреација на зелена површина;
- Е1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури;
- Е2 - згради и комплекси на инфраструктура.

**Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 01, Општина Гази Баба – Скопје,** ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница "Маџари 1", во рок од 30 дена и тоа почнувајќи од **30.05.2024год. до 28.06.2024год.** секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот.

**Јавната презентација на Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 01, Општина Гази Баба – Скопје**, ќе се одржи на ден **05.06.2024 год**. со почеток во 10.00 часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Урбаната заедница "Маџари 1".

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови .

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија

тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Бр.28-3/1550/7
од 13.05.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК

Бобан Стефковски